Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Институт за јавно здравје на
Република Северна Македонија

# ИЗВЕШТАЈ ОД НАЦИОНАЛНАТА РАБОТИЛНИЦА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ФАКТОРИТЕ НА РИЗИК ЗА НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## УЛОГАТА, ПРЕДИЗВИЦИТЕ И МОЖНОСТИТЕ НА КЛУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО



Хотел Александар Палас,
Скопје, 9 април 2024 година

Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Институт за јавно здравје на
Република Северна Македонија

# ИЗВЕШТАЈ ОД НАЦИОНАЛНАТА РАБОТИЛНИЦА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ФАКТОРИТЕ НА РИЗИК ЗА НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## УЛОГАТА, ПРЕДИЗВИЦИТЕ И МОЖНОСТИТЕ НА КЛУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО

# Благодарности

Овој извештај ги сумира доказите за незаразните болести во Северна Македонија и го истакнува нивниот статус како водечки причинител на смрт и инвалидност, а исто така ги идентификува можностите за соработка и вмрежување меѓу клучните институции вклучени во превенцијата на НЗБ. Тие институции се Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје (ИЈЗ), Центрите за јавно здравје (ЦЈЗ), здравствените домови и примарната здравствена заштита (ПЗЗ). Информациите беа добиени за време на Националната работилница за зајакнување на соработката за справување со факторите на ризик за незаразни болести во Северна Македонија, одржана во април 2024 година во Скопје, Северна Македонија.

Извештајот го напишаа проф. д-р Елена Ќосевска, Раководител на Одделот за здравствена промоција и следење на болести при Институтот за јавно здравје на РСМ и проф. д-р Игор Спироски, Координатор за СЗО за незаразни болести од Институтот за јавно здравје на РСМ.

Би сакале да упатиме посебна благодарност до Министерството за здравство за нивната поддршка, особено до г-ѓа Нермина Факовиќ, Заменик-раководител на Одделението за примарна и превентивна здравствена заштита, и д-р Никола Грпчевски, Советник за јавно здравје, за нивната помош во координацијата на активностите на работилницата.

Исто така, би сакале да изразиме благодарност до д-р Марија Врчковска од Центарот за јавно здравје Битола, проф. д-р Валентина Симоновска од Центарот за јавно здравје Скопје и асс. д-р Драгана Бислимовска од Институтот за медицина на трудот, СЗО Колаборативен центар, за нивниот непроценлив придонес.

Дополнително, би сакале да се заблагодариме на проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска од Институтот за медицина на трудот, проф. д-р Катарина Ставриќ од Центарот за семејна медицина, проф. д-р Игор Спироски од Институтот за јавно здравје и на проф. д-р Елена Ќосевска, за нивната улога на модератори на групните дискусии за време на работилницата. Благодарни сме и на Канцеларијата на Светската здравствена организација во Северна Македонија за нивната поддршка во иницирањето дискусии за зајакнување на соработката и координацијата меѓу клучните национални институции одговорни за превенција на НЗБ.

На крајот, би сакале да се заблагодариме за значајниот придонес на г-ѓа Маргарита Спасеноска, Национален службеник за јавно здравје, и на д-р Пиа Врачко, Советник на СЗО за здравствени политики во Канцеларијата на СЗО во Северна Македонија.

# Содржина

| | |
|---|---|
| **Вовед** | 1 |
| **Тим за организација на работилницата** | 3 |
| **Отворање и воведно обраќање** | 4 |
| **Резиме на пленарните презентации** | 6 |
| **Клучни резултати од дискусиите за време на групната работа** | 14 |
| **Заклучоци** | 17 |
| **Идни чекори и препораки за активности** | 18 |
| **Анекс 1: Список на учесници** | 19 |
| **Анекс 2: Програма на работилницата** | 21 |
| **Анекс 3: Насоки за групната работа** | 24 |

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **ИТМ** | Индекс на телесна маса |
| **КМЕ** | Континуирана медицинска едукација |
| **ГЗС** | Грижа за состојбата |
| **ЦЈЗ** | Центри за јавно здравје |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ICOH** | Меѓународна комисија за медицина на трудот |
| **ИМТ** | Институт за медицина на трудот, СЗО Колаборативен центар |
| **ИЈЗ** | Институт за јавно здравје |
| **МЗ** | Министерство за здравство |
| **НАППЗ** | Национален акциски план за промоција на здравјето |
| **НЗБ** | Незаразни болести |
| **БЗР** | Безбедност и здравје при работа |
| **ПЗЗ** | Примарна здравствена заштита |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **SEENWH** | Мрежа за здравје на работниците на Југоисточна Европа |
| **WHO CO** | Канцеларија на Светската здравствена организација во земјата |

# Вовед

Незаразните болести (НЗБ) се водечкиот причинител на смрт и инвалидност во Северна Македонија, а наедно се причинители на приближно 95 % од сите смртни случаи во државата. Најчестите НЗБ се кардиоваскуларните болести, карциномот, хроничните респираторни заболувања и дијабетесот. Староењето на населението во комбинација со високите нивоа на бихевиоралните фактори на ризик, како што се високиот крвен притисок, високото ниво на гликоза и маснотии во крвта и прекумерната телесна тежина, придонесуваат кон високите стапки на морталитет и инвалидитет. Во споредба со просекот на Европската Унија, очекуваниот животен век при раѓање е 6,0 години понизок за жените и 4,7 години понизок за мажите во Северна Македонија. Овие фактори на ризик често се меѓусебно поврзани и се под влијание на социјалните, економските, комерцијалните и еколошките негативни влијанија врз здравјето.

Како дел од двегодишниот договор за соработка помеѓу Светската здравствена организација и Министерството за здравство 2024 - 2025 година, работилницата беше организирана со цел да се обезбеди платформа за дискусија и да се разгледаат можностите за соработка и вмрежување помеѓу Министерството за здравство, клучните институции за јавно здравје и примарната здравствена заштита (ПЗЗ). Работилницата имаше за цел да ги поврзе клучните засегнати страни за да ја проценат моменталната состојба, да ги идентификуваат приоритетните области на дејствување и да разработат координиран акциски план за превенција и контрола на НЗБ. Работилницата се фокусираше на улогата, предизвиците и можностите на клучните институции за јавно здравје во Северна Македонија за справување со факторите на ризик за НЗБ и промовирање на јавното здравје, како и за подобрување на нивната соработка со давателите на услуги од Примарната здравствена заштита и тимовите за превентивна здравствена заштита во здравствените домови

**Целите на работилницата беа:**

- Поттикнување тесна соработка помеѓу Министерството за здравство и клучните институции за јавно здравје (Институтот за јавно здравје, Центрите за јавно здравје и Институтот за медицина на трудот, СЗО Колаборативен центар) за ефективно справување со факторите на ризик за НЗБ.
- Истакнување на критичната улога на клучните институции за јавно здравје во справувањето со факторите на ризик за НЗБ и промовирање на заедничко разбирање на напорите за превенција како составен дел од Програмата за јавно здравје на Министерството за здравство.
- Идентификување и дискутирање на предизвиците со кои се соочуваат институциите за јавно здравје, вклучително и ограничувањата на ресурсите, инфраструктурните јазови и бариерите во меѓусекторската соработка при справувањето со факторите на ризик за НЗБ.
- Разгледување на можностите за соработка и синергии меѓу институциите за јавно здравје за да се подобрат напорите за превенција на НЗБ, со акцент на важноста од споделување на капацитетите, најдобрите практики и координирање на активностите.
- Разработка на заклучоци за следните чекори за унапредување на напорите за превенција на НЗБ преку клучните институции за јавно здравје, вклучувајќи и конкретни дејства за подобрување на координацијата, распределбата на ресурсите и спроведувањето на стратегиите за превенција.

**Програмата на работилницата се состоеше од 3 сесии:**

**Сесија 1. Запознавање со состојбата со следните цели:**

1. Разбирање на клучните фактори на ризик кои придонесуваат кон незаразни болести во Северна Македонија, вклучувајќи ја и нивната преваленца и влијание врз јавното здравје.

2. Давање преглед на улогите и придонесот на клучните институции за јавно здравје во Северна Македонија, како што се Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) на РСМ, Центрите за јавно здравје и Институтот за медицина на трудот – СЗО Колаборативен центар, во справувањето со факторите на ризик за НЗБ и промоцијата на јавното здравје.

3. Разбирање како Националната програма за јавно здравје сеопфатно се справува со различните фактори на ризик за НЗБ, во што се вклучени употребата на тутун, нездравиот начин на исхрана, физичката неактивност и штетното консумирање алкохол.

**Сесија 2: Соработка помеѓу институциите за јавно здравје и примарната здравствена заштита во справувањето со факторите на ризик за НЗБ, со следните цели:**

1. Идентификување на предизвиците и можностите при соработката помеѓу институциите за јавно здравје и давателите на услуги од ПЗЗ, како и единиците за превентивна здравствена заштита во здравствените домови.

2. Давање препораки за аспектите кои би можеле да се подобрат.

**Сесија 3: Заклучоци и следни чекори – спроведени преку групна работа, со следните цели:**

1. Идентификување три клучни следни чекори/приоритети за зајакнување на координацијата помеѓу институциите за јавно здравје при справувањето со факторите на ризик за НЗБ.

2. Идентификување три клучни следни чекори за зајакнување на улогата на институциите за јавно здравје во справувањето со факторите на ризик за НЗБ, а поконкретно за:

3. Интервенции на ниво на население од ИЈЗ и ПЗЗ (и за меѓусекторска соработка и со пристап конзаедницата),

4. Интервенции на индивидуално ниво (во соработка со ПЗЗ и единиците за превентивна здравствена заштита во здравствените домови).

Учесници на работилницата беа претставници од Институтот за јавно здравје, центрите за јавно здравје, Здружението на медицински сестри и акушерки, Здружението на медицински сестри, акушерки и стоматолошки сестри, Здружението на лекари по општа медицина и лекари специјалисти по семејна медицина, но, за жал, претставниците од тимовите за превенција од здравствените домови во државата не присуствуваа на работилницата.

# Тим за организација на работилницата

**Проф. д-р Елена Ќосевска,**

Раководител на Одделот за здравствена промоција и следење на болести, Институт за јавно здравје

**Проф. д-р Игор Спироски,**

Координатор за СЗО за незаразни болести, Институт за јавно здравје

**Проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска,**

Институт за медицина на трудот на Северна Македонија, СЗО Колаборативен центар

**Проф. д-р Катарина Ставриќ,**

Раководител на Центарот за семејна медицина, Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“

**Г-ѓа Нермина Факовиќ**

Заменик-раководител на Одделението за примарна и превентивна здравствена заштита, Министерство за здравство

**Д-р Никола Грпчевски,**

Државен советник за јавно здравје, Министерство за здравство

**Д-р Пиа Врачко,**

Советник за здравствени политики, Канцеларија на СЗО во Северна Македонија

**Г-ѓа Маргарита Спасеновска,**

Национален службеник за јавно здравје, Канцеларија на СЗО во Северна Македонија

# Отворање и воведно обраќање

Проф. д-р Ќосевска, раководител на Одделот за здравствена промоција и следење на болести при Институтот за јавно здравје, ја презентираше главната цел на работилницата: да се одговори на предизвиците и можностите за подобро дејствување во иднина, со цел да се воспостави подобра соработка меѓу клучните институции. Таа ја истакна важноста од препознавање на улогите на секоја институција во националниот здравствен сектор за превенција на НЗБ и ја потенцираше потребата од зајакнување на соработката помеѓу националните институции. Таа ја истакна потребата да се идентификуваат приоритетните области за дејствување и да се подготви координиран акциски план за превенција и контрола на НЗБ.




Фотографија 1: Г-ѓа Нермина Факовиќ, Министерство за здравство, за време на своето воведно обраќање

Г-ѓа Нермина Факовиќ, претставник на Министерството за здравство, посочи дека 95 % од смртните случаи се резултат на незаразни болести, нагласувајќи ја клучната потреба за меѓусебна соработка и клучната улога на меѓуинституционалната соработка. Таа истакна дека соработката меѓу институциите во минатото била подобра, нагласувајќи ја неопходноста Министерството за здравство и клучните институции да ги пренасочат своите напори во оваа област. Г-ѓа Факовиќ предложи иницирање месечни состаноци за процена на состојбата и ја истакна важноста на подготовката на акциски план.

Д-р Никола Грпчевски, Државен советник за јавно здравје во Министерството за здравство, во своето воведно обраќање истакна: „Јавната здравствена дејност допрва доаѓа, ајде заеднички да се заложиме денес за подобра иднина утре“. Тој ја истакна важноста на соработката меѓу Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје на РСМ, 10-те центри за јавно здравје и примарната здравствена заштита.

Д-р Пиа Врачко, Советник за здравствени политики на СЗО, истакна дека незаразните болести се повеќеслојно прашање кое бара сеопфатни пристапи, при што централна улога имаат институциите за јавно здравје и координацијата на засегнатите страни. Таа ја нагласи потребата Министерството за здравство да се координира со другите релевантни институции, како што е Министерството за образование и наука. Д-р Врачко истакна дека во периодот по пандемијата постои итна потреба за фокусирање на превенцијата на незаразните болести. Таа ја нагласи подготвеноста на СЗО да ги поддржи националните клучни институции за подобрување на ефикасното справување со незаразните болести и придружните фактори на ризик.

# Резиме на пленарните презентации

### Сесија 1: Запознавање со состојбата




Фотографија 2: Проф. д-р Игор Спироски, Институт за јавно здравје, ја презентира состојбата во поглед на факторите на ризик за незаразни болести во Република Северна Македонија и улогата на клучните национални институции во превенцијата на НЗБ

**Проф. д-р Игор Спироски** ја презентираше специфичната рамка на СЗО за следење на НЗБ до 2025 година, го презентираше товарот од ризиците за НЗБ кај населението во Европскиот регион на СЗО, како и во Северна Македонија. Веројатноста за предвремена смртност кај населението во Македонија како резултат на најчестите НЗБ изнесува 23 %. Тој посочи дека во РСМ, најголемо влијание врз инвалидноста и смртноста од НЗБ имаат: високиот крвен притисок, употребата на тутун, високиот индекс на телесна маса (ИТМ), ризиците поврзани со исхраната, употребата на алкохол итн. Најзастапени фактори на ризик од метаболички аспект се: високиот крвен притисок, високите единици на гликоза во крвта, високиот индекс на телесна маса, кој континуирано се зголемува на годишно ниво кај адолесцентите и кај возрасните, како и прекумерниот внес на сол кај населението во Северна Македонија. Во однос на ризичното однесување, најчести фактори на ризик се: употреба на алкохол и тутун. Според најновото истражување на ИЈЗ, бројот на активни пушачи во Северна Македонија изнесува 47,8 %, со многу низок процент од само 5 % на пушачи коишто успеале да се откажат од тутунот. Во делот на еколошките ризици, најзастапен фактор на ризик е аерозагадувањето, на кое ние како држава треба да се посветиме и да работиме што е можно

повеќе бидејќи имаме повеќе од 2000 смртни случаи годишно поради загадениот воздух. Проф. д-р Спироски ги наведе програмите кои се фокусираат на незаразните болести и на справувањето со факторите на ризик од нив. Тие се следните:

- Национална годишна програма за јавно здравје;
- Програма „Здравје за сите“;
- Програма за систематски прегледи на ученици и студенти;
- Програма за рана детекција и скрининг на малигни заболувања;
- Програма за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење гликемија.

**Д-р Никола Грпчевски**, како претставник на Министерството за здравство, даде детален преглед на Националната годишна програма за јавно здравје, со детали за дискусиите за преструктурирање на превентивните програми со поддршка од ЕУ. Тој ја истакна соработката на Министерството со експерти од ЕУ за подобрување на националните програми за јавно здравје, вклучително и на плановите за оптимизација на групирањето на програмите за зголемена ефикасност. Д-р Грпчевски ја истакна важноста од засилен мониторинг и евалуација на спроведувањето на програмите за превенција, залагајќи се за заеднички напори меѓу Министерството за здравство и другите релевантни институции – Примери на иницијативи за превенција на факторите на ризик за НЗБ во Република Северна Македонија.



Фотографија 3: Проф. д-р Валентина Симоновска, Специјалист по социјална медицина, Центар за јавно здравје Скопје, презентира пример за активност од нејзината институција

**Проф. д-р Валентина Симоновска**, елоквентно ја опиша клучната улога на **Центарот за јавно здравје Скопје** во справувањето со факторите на ризик за НЗБ во Скопскиот регион, опфаќајќи 17 општини, вклучувајќи 10 урбани и 7 рурални области. Таа нагласи дека анализата на податоците служи како патоказ, којшто е клучен за потврдување и подготвување активности за откривање на специфичните фактори на ризик за хронични НЗБ. Кога одреден фактор на ризик ќе се идентификува како примарна причина за висока преваленца, Центарот подготвува публикации за да ги истакне приоритетите поврзани со јавното здравје на регионот.

За да се постигнат овие цели, Центарот за јавно здравје Скопје спроведува сеопфатни анализи на здравствената состојба, одржува едукативни предавања, обезбедува советување, подготвува промотивни материјали и споделува стручни содржини на својата веб-страница. Проф. д-р Симоновска посочи неколку предизвици во превенцијата на факторите на ризик за НЗБ, вклучувајќи и зголемување на стапките на преваленца, стареење на населението, потенцијални повторни појавувања на акутни заразни болести во форма на епидемии и специфични корелации на факторите на ризик за НЗБ.

Во однос на можностите, таа ја истакна клучната улога на здравственото образование во промовирањето на примарната превенција. Таа се заложи за зајакнување на здравствената заштита преку подобрување на пристапот до квалитетни услуги, воспоставување ефикасна мрежа на здравствени установи за подобрување на соработката и комуникацијата, зголемување на бројот на здравствениот кадар во ЦЈЗ, унапредување на вештините на здравствените работници и проширување на активностите за превенција на ниво на целата здравствена заштита.



Фотографија 4: Проф. д-р Марија Врчковска, Специјалист по социјална медицина, Центар за јавно здравје Битола, презентира пример за активност од нејзината институција

**Д-р Марија Врчковска** ја истакна важната улога на **Центарот за јавно здравје Битола** во справувањето со факторите на ризик за незаразни болести во регионот којшто се состои од шест општини. Центарот првенствено спроведува анкети меѓу целните популации со идентификувани фактори на ризик, проследено со организирање низа едукативни активности, како што се предавања, презентации, изложби, трибини и натпревари за зголемување на свеста и промовирање поздрав начин на живот. Овие активности се одвиваат заедно со процените на факторите на ризик и спроведувањето на активностите за здравствена едукација со цел за нивно намалување или елиминирање, проследено со темелни евалуации на исходите.

За превенција на факторите на ризик за НЗБ во 2024 година, ЦЈЗ Битола има испланирано активности, вклучувајќи процена на факторите на ризик, зголемено советување за младите и адолесцентите во центарот за откажување од пушењето, како и истражување за поврзаноста помеѓу консумацијата на алкохол на индивидуално, семејно, општинско ниво и на ниво на регионот.

Д-р Врчковска ја идентификуваше исхраната како значаен предизвик во превенцијата на факторите на ризик за НЗБ, нагласувајќи ја важноста од справување со недоволната исхрана или со прекумерната исхрана, да се обезбеди нутритивна адекватност и да се промовира оптималното здравје. За справување со овој предизвик, таа ја истакна потребата од зајакнување на соработката помеѓу заедницата и прехранбената индустрија за да се намали производството на храна со висок гликемиски индекс. Дополнително, таа ја истакна важноста од унапредување на соработката помеѓу ЦЈЗ Битола и Министерството за образование и наука, особено преку изработка и дистрибуција на прирачник за хронични незаразни болести, нивните ризици и стратегии за превенција. Овој прирачник има за цел да го подобри квалитетот на животот на младите луѓе, да промовира самоконтрола и да ја поттикне одговорноста за подобрување и зачувување на здравјето.



Фотографија 5: Асс. д-р Драгана Бислимовска дава пример од работата за превенција на НЗБ од Институтот за медицина на трудот, СЗО Колаборативен центар, Скопје

**Асс. д-р Драгана Бислимовска** ја презентираше улогата на Институтот за медицина на трудот, СЗО Колаборативен центар во справувањето со факторите на ризик за НЗБ на територијата на целата земја од аспект на научноистражувачка, едукативна и промотивна дејност. Во овој контекст, Институтот за медицина на трудот спроведува насочени истражувања и студии за специфични НЗБ, но и едукација и обука на студенти, постдипломци, работници, работодавачи, доктори од различни профили, стручни лица итн. Како дел од нивната работа, редовно се вршат превентивни систематски прегледи на индивидуално ниво, на ниво на целата група или на целата популација. Д-р Бислимовска истакна дека за промовирање на физичката активност на работното место, ќе се продолжи со иницијативата за промовирање на физичката активност на работното место, ќе се креираат политики за зголемување на свеста за физичката активност на работното место, ќе се изработи водич за спроведување на програмата за физичка активност на работното место, а во соработка со социјалните медиуми ќе се организираат кампањи и други активности. Во однос на спречување на ефектите од аерозагадувањето кај работниците кои работат на отворено, ќе се преземат иницијативи за намалување на работното време на отворено, зголемување на свеста кај работодавачите и работниците и стимулирање иницијативи за безбедност и здравје при работа, заштита на животната средина, зелени работни места итн. Д-р Бислимовска, како предизвици во превенцијата на факторите на ризик, го истакна следново:

- Интеракции со целни групи, како што се работници, работодавачи, здравствени работници итн.;
- Развој на различни модели на едукација, советување, како и интервенции за зголемување на свеста;
- Воспоставување мултисекторски оперативни механизми.

Во однос на можностите, таа нагласи дека во иднина ќе се работи на справување со НЗБ и факторите на ризик преку зајакнување на соработката на национално ниво, преку мрежата за медицина на трудот, преку Националниот совет за БЗР (Безбедност и здравје при работа) на РСМ, заеднички активности со ИЈЗ, ЦЈЗ, како и општите лекари од ПЗЗ, додека на меѓународно ниво ќе се зајакне соработката со SEENWH (Мрежа за здравје на работниците на Југоисточна Европа) и ICOH (Меѓународна комисија за медицина на трудот).

**Д-р Пиа Врачко**, Советник за здравствени политики на СЗО, даде пример за соработката на институциите за превенција на факторите на ризик за НЗБ во Словенија. Таа во својата презентација го истакна заедничкиот пристап на институциите за јавно здравје во Словенија за борба против факторите на ризик за незаразни болести. Таа ја нагласи важноста на меѓусекторската соработка и политиките за јавно здравје кои се фокусираат на скрининг на индивидуалните фактори на ризик и промовирање здрав начин на живот преку примарната здравствена заштита.

Д-р Врачко ја истакна клучната улога на Министерството за здравство и Институтот за јавно здравје во дефинирањето на политиките и координирањето на нивното спроведување. Таа ја истакна потребата од блиска соработка со другите институции за јавно здравје и со давателите на услуги од примарната здравствена заштита. Д-р Врачко, исто така, истакна дека некои фактори на ризик се вон надлежноста на Министерството за здравство, што ја нагласува важноста на соработката со други институции и министерства, како што се Министерството за животна средина и Министерството за образование и наука.

Во контекст на превенција и контрола на НЗБ, Националниот институт за јавно здравје на Словенија спроведува низа активности, вклучувајќи епидемиолошки надзор, управување со здравствени




Фотографија 6: Д-р Пиа Врачко ја презентира улогата на институциите за јавно здравје во Словенија во превенцијата на факторите на ризик за појава на НЗБ

податоци и е-здравје, изготвување и спроведување здравствени политики и стратегии, здравствена едукација, промоција на здравјето и скрининг програми, совети и поддршка на здравствените институции и соработка со други засегнати страни на национално, регионално и локално ниво.

Д-р Врачко ја истакна улогата на Центрите за промоција на здравјето во рамките на центрите за примарна здравствена заштита во заедницата, предводени од медицински сестри кои го промовираат здравјето, во борбата против НЗБ во Словенија. Таа нагласи дека промовирањето на здравјето и превенцијата на болестите започнуваат пред раѓањето и продолжуваат во текот на животот.

„Здравје во општините“ е онлајн апликација развиена од Националниот институт за јавно здравје во соработка со други организации. Таа служи како извор на информации за клучните здравствени показатели во словенечките области и презентира податоци на различни нивоа, вклучувајќи на ниво на Словенија, статистички региони, административни единици и општини. Д-р Врачко нагласи дека овие податоци се користат за информирање на носителите на одлуки, медиумите, експертите и пошироката јавност, помагајќи им да донесат информирани одлуки и да преземат активности за подобрување на здравјето на населението врз основа на доказите за здравјето, здравствените детерминанти и факторите на ризик.

## Сесија 2: Соработка помеѓу институциите за јавно здравје и примарната здравствена заштита во справувањето со факторите на ризик за НЗБ – што може да се подобри?

**Проф. д-р Катарина Ставриќ даде преглед на досегашната соработка помеѓу институциите за јавно здравје и давателите на услуги од примарната здравствена заштита во Северна Македонија, како и на предизвиците и можностите.** Во своето излагање, проф. д-р Катарина Ставриќ ги презентираше основните принципи на кои се заснова семејната медицина: грижа фокусирана на поединецот, здравствена правичност, континуитет во работата, науката, соработка, ориентација кон заедницата и професионализам. Таа ги посочи следните предизвици на семејната медицина: стареење на населението, проблеми со менталното здравје, технологија, превенција, недостаток на кадар, како и потребата од тимска работа. Во однос на предизвиците, таа ги посочи промоција на здравјето и превенцијата на болести. Проф. д-р Ставриќ, укажа на потребата 50 % од услугите на матичните доктори од ПЗЗ за пациентите да бидат исплатени за превентивни прегледи од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, но како бариера го посочи ниското ниво на здравствена едукација, како и негативниот став на пациентите кон превентивните прегледи. Како предизвик на кој треба да се посвети внимание во иднина, таа ја посочи потребата од натамошен развој на информацискиот систем во примарната здравствена заштита. Проф. д-р Ставриќ го претстави мултидисциплинарниот тим кој го сочинуваат: медицинска сестра, фармацевт, општ лекар, патронажна сестра и уште еден соработник, и укажа на потребата од заедничка и тимска работа за постигнување на целта, а тоа е превенција и грижа за пациентите.

### Групна работа

За време на групната работа се дискутираше на следните теми:

**Групна работа 1: Соработка помеѓу клучните институции за јавно здравје, предизвици и стратегии за подобрување на ефективноста на превенцијата на НЗБ и ангажманот со заедницата**

1. Како Министерството за здравство и клучните институции за јавно здравје можат поефективно да соработуваат за справување со факторите на ризик за НЗБ?
2. Кои се главните предизвици со кои се соочуваат институциите за јавно здравје при справувањето со факторите на ризик за НЗБ на локално ниво? Како може да се надминат овие предизвици и кои стратегии можат да се спроведат за да се подобри ефективноста на напорите за превенција на НЗБ?
3. Каква треба да биде улогата на институциите за јавно здравје во ангажманот со заедницата за превенција на НЗБ?

**Групна работа 2: Комуникација и соработка со ПЗЗ**

1. Како комуникацијата помеѓу Центрите за јавно здравје и ординациите од ПЗЗ/Тимовите за превентивна здравствена заштита во здравствените домови може да биде зајакната на одржлив начин?
2. Што би можело да се направи на национално и на регионално ниво?



Фотографии 7, 8, 9 и 10: Дискусии за време на групната работа

# Клучни резултати од дискусиите за време на групната работа

| | |
|---|---|
| **Групна работа 1: Соработка помеѓу клучните институции за јавно здравје, предизвици и стратегии за подобрување на ефективноста на превенцијата на НЗБ и ангажманот со заедницата** | **Предизвици:**<br><br>• Недоволен кадар, од кои повеќето се на возраст од околу 55-65 години, во Центрите за јавно здравје (ЦЈЗ);<br>• „Мој термин“ содржи некомплетни и неточни информации (сè уште не се добиени електронските податоци од сите здравствени установи во јавното и во приватното здравство);<br>• Несоодветно и ненавремено комплетирање на извештаите за регистрите за НЗБ од страна на персоналот на давателите на здравствени услуги;<br>• Недоволна ефикасност на Одделението за примарна и превентивна здравствена заштита при Министерството за здравство поради преголем обем на работа, како и недоволност и несоодветност во однос на профилот на кадарот, што влијае врз квалитетот на извршените активности.<br>• Намалување на средствата за Националната годишна програма за јавно здравје во РСМ;<br>• Недостаток на поддршка од Владата и од Министерството за здравство за развој на јавното здравство;<br>• Слаба соработка помеѓу ЦЈЗ и општините;<br>• Слаба соработка со тимовите за превенција во здравствените домови.<br><br>**Можности:**<br><br>• Формирање посебен Сектор само за јавно здравје во рамките на Министерството за здравство;<br>• Идентификување на факторите на ризик кај одредени популации, предлагање мерки и креирање целни програми, со Министерството за здравство и да се размисли за вклучување на ЦЈЗ;<br>• Стандардизација на комуникацијата помеѓу ЦЈЗ, ИЈЗ и Министерството за здравство;<br>• Обука на здравствениот кадар за соодветно управување со медицинската документација;<br>• Зајакнување на соработката со Министерството за образование и наука за здравствена едукација во училиштата;<br>• Воведување предмет за патронажна дејност во средните медицински училишта;<br>• Зголемување на бројот на патронажни сестри и зајакнување на соработката со ЦЈЗ;<br>• Надомест за здравствениот кадар за работата во советувалиштата во ЦЈЗ од страна на Министерството за здравство и Министерството за финансии;<br>• Поддршка од Министерството за здравство за ЦЈЗ за креирање информативни веб-страници. Треба да се воспостави соработка на ниво на сите ЦЈЗ и задачите да се поделат меѓу сите нив;<br>• Активирање на Националниот совет за јавно здравје и локалните совети за јавно здравје во согласност со Законот за јавно здравје, кои ќе работат на изработка на акциски планови за јавно здравје на локално ниво;<br>• Назначување општински координатор за комуникација со специјалисти по социјална медицина во ЦЈЗ;<br>• Креирање профил на локалната заедница од страна на ЦЈЗ со поддршка од Министерството за здравство;<br>• Правна поддршка за предложените мерки;<br>• Зголемена заложба и поддршка од Државниот завод за статистика за подготовка на извештаи за здравствена статистика;<br>• Профилирање на кадарот кој раководи со предложените структури; |

| | |
|---|---|
| | • Создавање меѓусекторски пристап со Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и инспекторатите;<br>• Ангажирање на бизнис-заедницата;<br>• Соработка со невладиниот сектор;<br>• Почеста комуникација меѓу Министерството за здравство и ЦЈЗ и Институтот за медицина на трудот;<br>• Унифицирање на собирањето податоци за факторите на ризик и систематски и сеопфатен пристап кон собирањето податоци; треба да се договори како ќе се користат податоците (да се креираат показатели);<br>• Интеграција со системот „Мој термин“;<br>• Буџет за активности за НЗБ како посебен канал за финансирање;<br>• Јавен повик за активности за превенција во високоризичните региони;<br>• Усогласување на финансискиот план со потребите и активностите;<br>• Прогресивност на буџетот (зголемување);<br>• Зголемен приход од акцизи за Националната годишна програма за јавно здравје во РСМ;<br>• Пилотирање на нови стратегии за соработка меѓу Министерството за здравство, ИЈЗ и ЦЈЗ во општините со лекари градоначалници;<br>• Вклучување на општите болници со проширена дејност во процесот на соработка. |
| **Групна работа 2. Соработка помеѓу институциите за јавно здравје и примарна здравствена заштита во здравствените домови** | **Предлози за зајакнување на соработката меѓу институциите за јавно здравје и давателите на услуги од ПЗЗ, како и тимовите за превенција во здравствените домови:**<br><br>• Формирање Центар за промоција на здравјето во рамките на здравствените домови, кој ќе служи како важна врска помеѓу Центарот за јавно здравје (ЦЈЗ), Примарната здравствена заштита (ПЗЗ) и тимовите за превенција;<br>• Јасно дефинирање на функциите, улогите, задачите и активностите на Центрите за промоција на здравјето во здравствените домови;<br>• Изработка на заеднички протоколи и активности во координација со Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) и Центарот за семејна медицина;<br>• Споделување едукативни материјали и организирање заеднички настани за континуирана медицинска едукација (КМЕ);<br>• Отворена соработка и заеднички активности при систематските прегледи;<br>• Зголемена одговорност за собирање и размена на податоци, со фокус на контрола на квалитетот;<br>• Интеграција во здравствениот информатички систем за ефикасна размена на информации;<br>• Користење на социјалните мрежи за зголемување на свеста кај населението;<br>• Истражување за откривање на факторите на ризик со помош на алатки/тестови на СЗО, како што се оние за дијабетес и зависност од никотин;<br>• Имплементација на дигитално решение за поврзување на резултатите од систематскиот преглед на студентите и на работниците со нивните општи лекари, обезбедувајќи континуитет во информациите и решавање на проблемите кај утврдени здравствени состојби;<br>• Подготовка и споделување информации за јавното здравје од страна на ЦЈЗ со лекарите од регионот за да се олесни планираната и унифицирана едукација.<br>• Организирање заеднички кампањи и едукативни активности во локалната заедница;<br>• Дистрибуција на информативен материјал во амбулантите;<br>• Одржување заеднички состаноци со здравствени домови и со општите лекари на локално ниво. |



Фотографија 11: г-ѓа Надица Тотиќ, Институт за јавно здравје, води записник од сите дискусии

# Заклучоци

**Соработка:** Справувањето со НЗБ бара подобра соработка меѓу институциите за јавно здравје и Министерството за здравство на национално ниво, како и на примарната здравствена заштита (ПЗЗ) со општините на локално ниво. Во моментов, оваа соработка е недоволна, поради што е потребна поголема вклученост на сите страни преку краткорочни, конкретни активности за промовирање здрав начин на живот и редовни скрининг прегледи за рано откривање на факторите на ризик за НЗБ.

Исто така, напорите за справување со незаразните болести во Северна Македонија бараат силна меѓусекторска соработка, со вклученост не само на Министерството за здравство, туку и на други релевантни министерства, како што се Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и Министерството за финансии.

**Регионална координација:** Исто така, постои јаз во координацијата помеѓу регионалните центри за јавно здравје и другите здравствени установи за превенција и ПЗЗ со тимовите за превенција во здравствените домови за активности за превенција на НЗБ. Премостувањето на овој јаз во координацијата е од суштинско значење за ефективно спроведување на стратегиите за превенција на НЗБ на регионално ниво.

**Креирање политики:** Постои потреба од креирање и спроведување политики и стратегии засновани на докази за справување со факторите на ризик за НЗБ и подобрување на здравствените исходи. Во 2018 година беше подготвен Национален акциски план за справување со факторите на ризик за НЗБ, со поддршка на СЗО, но тој не беше усвоен и спроведен од Владата и треба повторно да се разгледа.

**Здравствена промоција и едукација:** Треба да има значителен фокус на планирана и унифицирана промоција и едукација за здравјето низ целата држава, предводена од центрите за јавно здравје, вклучувајќи ја и потребата за зајакнување на здравственото образование во училиштата, воведување теми поврзани со здравјето во медицинските училишта и зголемување на јавната свест преку различни канали, како што се социјалните медиуми.

**Градење на капацитетите:** Има утврдена потреба за градење на капацитетите (здравствен кадар во ЦЈЗ и патронажната служба), вклучувајќи и програми за обука за здравствените работници во областите поврзани со спречување на факторите на ризик за НЗБ.

**Собирање и анализа на податоци:** Подобрувањето на системите за собирање податоци, анализа и известување е од клучно значење за ефективно донесување одлуки и следење на напредокот во напорите за превенција и контрола на НЗБ.

**Распределба на ресурси:** Соодветната распределба на ресурсите, вклучувајќи ги финансирањето и кадровското екипирање, е од суштинско значење за успешно спроведување на програмите за превенција на НЗБ.

**Ангажман со заедницата:** Ангажирањето со заедниците и со локалните засегнати страни во напорите за превенција на НЗБ е од клучно значење за да се осигури дека интервенциите се релевантни и ефективни. Треба да се создаде заеднички стратешки пристап за ангажман со заедницата за превенција на НЗБ.

# Идни чекори и препораки за активности

### Итни приоритети

1. Формирање на Национална комисија за незаразни болести во рамките на Министерството за здравство, составена од претставници од владиниот, невладиниот и бизнис-секторот, како и од здравствени работници од примарната здравствена заштита (ПЗУ), службите за брза помош, тимовите за домашна посета, патронажните сестри, Центри за јавно здравје (ЦЈЗ), Институт за јавно здравје, Министерство за здравство, Министерство за финансии, Министерство за образование, Министерство за животна средина итн., со статут за работа на Комисијата во кој ќе бидат наведени нејзините задачи и активности;
2. Проактивен ангажман на Министерството за здравство за активирање на Националниот совет за јавно здравје согласно со Законот за јавно здравје;
3. Ревизија на Акцискиот план за превенција на факторите на ризик за НЗБ изготвен од страна на СЗО во 2018 година, за негово одобрување од Владата до крајот на 2024 година;
4. Организирање работилница со директорите на здравствените домови, на која ќе се дискутира како може да се зајакне улогата на здравствените домови во спречувањето на НЗБ и како здравствените домови можат подобро да соработуваат со националните институции за јавно здравје на оваа тема.

### Други приоритети

**А) Унапредување на соработката меѓу Министерството за здравство и 10-те Центри за јавно здравје со општините преку:**

- Зголемување на бројот на здравствени работници (лекари, здравствени статистичари, санитарни техничари итн.) преку нови вработувања и замена на пензионираниот кадар во ЦЈЗ.
- Подобрување на соработката помеѓу ЦЈЗ и општините.
- Осигурување на задолжителното функционирање на Националниот совет за јавно здравје и општинските совети за јавно здравје.
- Подобрување на здравствената статистика, дигитализацијата и интеграцијата на податоците.
- Организирање квартални состаноци во Министерството за здравство со Секторот за превентивна и примарна здравствена заштита и Државниот советник за јавно здравје за справување со предизвиците и изнаоѓање решенија.
- Подготовка на нов Национален акциски план за превенција на НЗБ, во кој ќе бидат вклучени предлозите од работилницата.
- Вклучување на целните групи во идните чекори со цел колективно фокусирање на успехот во борбата против НЗБ.
- Креирање локални акциски планови на општинско ниво.

**В) Унапредување на соработката помеѓу 10-те ЦЈЗ и ПЗЗ преку:**

- Воспоставување центри за промоција на здравјето во здравствените домови за поврзување на ЦЈЗ, ПЗЗ и тимовите за превенција со јасно дефинирани функции, улоги, задачи и активности.
- Изработка на заеднички протоколи за промотивни активности во координација со Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) и Центарот за семејна медицина.
- Зголемено промовирање на здрав начин на живот и превенција на факторите на ризик за НЗБ преку активности на ЦЈЗ на локално ниво со ИЈЗ и тимовите за превенција, користење на медиумите и социјалните мрежи и организирање јавни кампањи за зголемување на свеста на населението со вклученост на граѓаните.
- Обезбедување континуирана размена на информации помеѓу ИЈЗ, ЦЈЗ и институциите од јавното здравство за подобрување на капацитетот на ПЗЗ со навремено препознавање на факторите на ризик за НЗБ и рани интервенции, со користење на достапните алатки на СЗО (на пр., кратки интервенции за факторите на ризик за НЗБ во примарната здравствена заштита).

# Анекс 1: Список на учесници

| МЗ, ИЈЗ, ЦЈЗ | | |
|---|---|---|
| 1. | Нермина Факовиќ, МЗ | nermina.fakovic@zdravstvo.gov.mk |
| 2. | Игор Спироски, ИЈЗ | igor.spiroski@medf.ukim.edu.mk |
| 3. | Никола Грпчевски, МЗ | nikola.grpcevski@zdravstvo.gov.mk |
| 4. | Сања Прошева, ИЈЗ | bab_mk@yahoo.com |
| 5. | Елена Ќосевска, ИЈЗ | kosevska@yahoo.com |
| 6. | Тања Лековска Стоицовска, ИЈЗ | tslekovska@gmail.com |
| 7. | Лидушка Василевска, ИЈЗ | liduskav@yahoo.com |
| 8. | Марина Бачановиќ, ИЈЗ | marina.bachanovikj@gmail.com |
| 9. | Јасмина Шаќири, ИЈЗ | jasminashakjiri@gmail.com |
| 10. | Даниела Дуковска, ИЈЗ | danieladukovska@yahoo.com |
| 11. | Деа Каранфиловска, ИЈЗ | dea.karanfilovska5@gmail.com |
| 12. | Мартин Петровски, ИЈЗ | martin.petrovski.medf@gmail.com |
| 13. | Бисера Рахиќ, ИЈЗ | bibarahic@gmail.com |
| 14. | Александар Кардашевски, ИЈЗ | a.kardasevski@gmail.com |
| 15. | Надица Тотиќ, ИЈЗ | nadicatotikjiph@gmail.com |
| 16. | Валентина Симоновска, ЦЈЗ Скопје | valentina.simonovska@gmail.com |
| 17. | Билјана Џиковска, ЦЈЗ Скопје | biljanadzikovska@yahoo.com |
| 18. | Блерта Шахини Азизи, ЦЈЗ Куманово | blerta.shahini89@gmail.com |
| 19. | Радмила Максимовска Симоновска, ЦЈЗ Куманово | radmila_ms@yahoo.com |
| 20. | Марија Врчаковска, ЦЈЗ Битола | mvrckovska@yahoo.com |
| 21. | Јован Тодоровски, ЦЈЗ Битола | tel77816816@gmail.com (Email na Todorovski) |
| 22. | Даниела Чингоска, ЦЈЗ Охрид | daniela.chingo@gmail.com |
| 23. | Петар Оханесјан, ЦЈЗ Прилеп | pohanesjan@yahoo.com |
| 24. | Аксиња Гарбеска-Кебакоска, ЦЈЗ Прилеп | garbeska_kebakoska@yahoo.com |
| 25. | Катарина Видоевска, ЦЈЗ Тетово | katarina.vidoeska@gmail.com; |
| 26. | Фатон Адеми, ЦЈЗ Тетово | drfatonademi@hotmail.com |
| 27. | Ивана Ѓорѓиевска, ЦЈЗ Велес | iv.gorgievska@hotmail.com |
| 28. | Снежана Петрова, ЦЈЗ Велес | snezana-petrova@hotmail.com |
| 29. | Павлина Велкова, ЦЈЗ Велес | velkovapavlina@yahoo.com |
| 30. | Сања Накова Ордева, ЦЈЗ Штип | sanjanakova90@gmail.com |
| 31. | Марија Постоловска, ЦЈЗ Кочани | marijaviii4@yahoo.com |
| 32. | Гоце Серафимов, ЦЈЗ Кочани | goce.serafimov@gmail.com |

| | | |
|---|---|---|
| **ИНСТИТУТ ЗА МЕДИЦИНА НА ТРУД** | | |
| 33. | Драгана Бислимовска | dbislimovska@gmail.com; |
| 34. | Јованка Бислимовска | bislimovska_j@yahoo.com |
| 35. | Маја Панајотовиќ Радевска | majapr2000@yahoo.com |
| 36. | Анета Атанасовска | aneta.atanasovska@yahoo.com |
| **ЦЕНТАР ЗА СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА, МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ** | | |
| 37. | Катарина Ставриќ | kstavric@hotmail.com |
| 38. | Мирослава Шевченко | miroslava.shevchenko@gmail.com |
| **ЗДРУЖЕНИЈА** | | |
| 39. | Здружение на медицински сестри, техничари, акушерки и стоматолошки медицински сестри „ЗА НАС“<br>Гордана Бешлиовска | goca_besliovska@yahoo.com |
| 40. | Здружение на медицински сестри, техничари, акушерки и стоматолошки медицински сестри „ЗА НАС“<br>Татјана Цветковска | tatjana.cvetkovska@yahoo.com |
| 41. | Македонско здружение на медицински сестри и акушерки<br>Велка Лукиќ | velka.lukic@gmail.com; |
| **НВО** | | |
| 42. | Црвен крст на Македонија<br>Теодора Крстевска | krstevskateodora@live.com; |
| 43. | Црвен крст на Македонија<br>Наташа Костова | kostova_natasa@hotmail.com; |
| **Канцеларија на СЗО во земјата** | | |
| 44. | Маргарита Спасеновска | spasenovskam@who.int |
| 45. | Пиа Врачко | vrackop@who.int |
| 46. | Светлана Петрушевска | petrushevskas@who.int |

# Анекс 2: Програма на работилницата

| | |
|---|---|
| **9:00-9:30** | **Регистрација** |
| **9:30-10:00** | **Отворање и добредојде**<br><br>• **Г-ѓа Нермина Факовиќ**, Заменик-раководител на Одделението за примарна и превентивна здравствена заштита, Министерство за здравство<br>• **Д-р Никола Грпчевски**, Советник за јавно здравје, Министерство за здравство<br>• **Д-р Пиа Врачко**, Советник на СЗО за здравствени политики<br>• **Проф. д-р Елена Ќосевска**, Раководител на Одделот за здравствена промоција и следење на болести, Институт за јавно здравје<br><br>• Преглед на програмата<br>• Претставување на говорниците и учесниците<br><br>**Модератор**<br><br>• **Проф. д-р Елена Ќосевска**, Раководител на Одделот за здравствена промоција и следење на болести, Институт за јавно здравје |
| **10:00-11:10** | **Сесија 1. Запознавање со состојбата**<br><br>**Преглед на состојбата со факторите на ризик за НЗБ во Северна Македонија и улогите на клучните национални институции во превенцијата на НЗБ**<br><br>• **Проф. д-р Игор Спироски**, Координатор за СЗО за НЗБ, Институт за јавно здравје (15 мин.)<br><br>**Преглед на Националната програма за јавно здравје и информации за актуелните дискусии што се водат во моментот за преструктурирање на програмите за превенција на МЗ со поддршка од ЕУ**<br><br>• **Д-р Никола Грпчевски**, Министерство за здравство, Советник за јавно здравје (10 мин.)<br><br>**Примери на иницијативи за превенција на факторите на ризик за НЗБ**<br><br>• **Д-р Валентина Симоновска**, Центар за јавно здравје Скопје (7 мин.)<br>• **Д-р Марија Врчковска**, Центар за јавно здравје Битола (7 мин.)<br>• **Д-р Драгана Бислимовска**, Институт за медицина на трудот (7 мин.)<br><br>**Примери од други земји – улогата на институциите за јавно здравје во Словенија во превенцијата на факторите на ризик за НЗБ**<br><br>• **Д-р Пиа Врачко**, Советник на СЗО за здравствени политики (10 мин.)<br><br>**Цели на сесијата:**<br><br>1. Разбирање на клучните фактори на ризик кои придонесуваат кон незаразните болести (НЗБ) во Северна Македонија, вклучувајќи ја и нивната преваленца и влијанието врз јавното здравје.<br>2. Давање преглед на улогите и придонесот на клучните институции за јавно здравје во Северна Македонија, како што се Институтот за јавно здравје, Центрите за јавно здравје и Институтот за медицина на трудот, во справувањето со факторите на ризик за НЗБ и промоцијата на јавното здравје.<br>3. Разбирање како Националната програма за јавно здравје сеопфатно се справува со различните фактори на ризик за НЗБ, во што се вклучени и употребата на тутун, нездравиот начин на исхрана, физичката неактивност и штетното консумирање алкохол.<br><br>**Пленарни прашања (10 мин.)** |

| | |
|---|---|
| **11:10 - 11:40** | **Пауза за чај/кафе** |
| **11:40 - 12:45** | **Работа во групи**<br><br>**Вовед во работата во групи**<br><br>• **Проф. д-р Игор Спироски**, Координатор за СЗО за НЗБ, Институт за јавно здравје (15 мин.)<br><br>**Теми за групната работа:**<br><br>1. Како Министерството за здравство и клучните институции за јавно здравје можат поефективно да соработуваат за справување со факторите на ризик за НЗБ?<br><br>Кои конкретни улоги и одговорности треба да ги исполни секоја институција во оваа соработка?<br><br>2. Кои се главните предизвици со кои се соочуваат институциите за јавно здравје при справувањето со факторите на ризик за НЗБ на локално ниво?<br><br>Како може да се надминат овие предизвици и кои стратегии можат да се спроведат за подобрување на ефективноста на напорите за превенција на НЗБ?<br><br>3. Каква треба да биде улогата на институциите за јавно здравје во ангажманот со заедницата за превенција на НЗБ? |
| **12:45 – 13:45** | **Ручек** |
| **13:45 – 14:30** | **Повратни информации од работата во групи и пленарната дискусија** |
| **14:30 - 15:30** | **Сесија 2: Соработката помеѓу институциите за јавно здравје и примарната здравствена заштита во справувањето со факторите на ризик за НЗБ – што може да се подобри?**<br><br>**Модератор: Проф. д-р Елена Ќосевска**, ИЈЗ<br><br>**Воведна презентација**<br><br>**Преглед на моменталната соработка помеѓу институциите за јавно здравје и давателите на услуги од Примарната здравствена заштита во Северна Македонија, предизвици и можности**<br><br>**Проф. д-р Катарина Ставриќ**, Центар за семејна медицина Скопје (10 мин.)<br><br>**Работа во групи: (20 мин.)**<br><br>1. Комуникација и соработка со ПЗЗ: Како комуникацијата помеѓу Центрите за јавно здравје и ординациите од ПЗЗ/Тимовите за превентивна здравствена заштита во здравствените домови може да биде зајакната на одржлив начин?<br><br>Што би можело да се направи на национално и на регионално ниво?<br><br>**Повратни информации од работата во групи (15 мин.)**<br><br>**Сесија со прашања и одговори (10 мин.)**<br><br>**Цели на сесијата:**<br><br>1. Идентификување на предизвиците и можностите при соработката помеѓу институциите за јавно здравје и давателите на услуги од ПЗЗ, како и единиците за превентивна здравствена заштита во здравствените домови.<br>2. Давање препораки за аспектите кои би можеле да се подобрат. |

| | |
|---|---|
| **15:30 – 15:45** | **Кратка пауза за кафе** |
| **15:45 - 16:45** | **Сесија 3: Заклучоци и идни чекори**<br><br>**Модератор: Проф. д-р Елена Ќосевска**, Институт за јавно здравје<br><br>**Работа во групи: (20 мин.)**<br><br>1. Идентификување на **три клучни следни чекори/приоритети** за зајакнување на координацијата помеѓу институциите за јавно здравје при справувањето со факторите на ризик за НЗБ.s<br><br>2. Идентификување на **три клучни следни чекори за зајакнување на улогата на институциите за јавно здравје во справувањето со факторите на ризик за НЗБ**, а поконкретно за:<br><br>a. интервенции на ниво на население од ИЈЗ и ПЗЗ (и за меѓусекторска соработка и со пристап кон заедницата),<br>b. интервенции на индивидуално ниво (во соработка со давателите на услуги од ПЗЗ и единиците за превентивна здравствена заштита во здравствените домови).<br><br>**Презентација на групната работа (10 мин.)**<br><br>**Заклучоци и завршни обраќања (15 мин.))** |

# Анекс 3: Насоки за групната работа

**Задача 1: Улоги, предизвици и можности за подобрување на соработката во јавното здравство за превенција на НЗБ**

- Учесниците ќе бидат поделени во 4 групи,
- Секоја група ќе има модератор назначен од Националниот институт за јавно здравје,
- Секоја група ќе назначи лице одговорно за групата, кое ќе има задача да ги обезбеди резултатите од групната работа во писмена форма до лицето одговорно за работилницата.

**Теми за групна работа:**

**Групна работа 1: Соработка помеѓу клучните институции за јавно здравје, предизвици и стратегии за подобрување на ефективноста на превенцијата на НЗБ и ангажманот со заедницата**

Како Министерството за здравство и клучните институции за јавно здравје можат поефективно да соработуваат за справување со факторите на ризик за НЗБ? (15 мин.)

Кои се главните предизвици со кои се соочуваат институциите за јавно здравје при справувањето со факторите на ризик за НЗБ на локално ниво? (15 мин.)

Како може да се надминат овие предизвици и кои стратегии можат да се спроведат за подобрување на ефективноста на напорите за превенција на НЗБ?

Каква треба да биде улогата на институциите за јавно здравје во ангажманот со заедницата за превенција на НЗБ? (15 мин.)

**Групна работа 2: Соработката помеѓу институциите за јавно здравје и примарната здравствена заштита во справувањето со факторите на ризик за НЗБ – што може да се подобри?**

Како комуникацијата помеѓу Центрите за јавно здравје и ординациите од ПЗЗ/Тимовите за превентивна здравствена заштита во здравствените домови може да биде зајакната на одржлив начин?

Што би можело да се направи на национално и регионално ниво? (20 мин.)

**Групна работа 3: Идентификување на приоритетите и следните чекори**

Идентификување на три клучни следни чекори/приоритети за зајакнување на координацијата помеѓу институциите за јавно здравје при справувањето со факторите на ризик за НЗБ. (10 мин.)

Идентификување на три клучни следни чекори за зајакнување на улогата на институциите за јавно здравје во справувањето со факторите на ризик за НЗБ, а поконкретно за:

a. интервенции на ниво на население од ИЈЗ и ПЗЗ
(и за меѓусекторска соработка и со пристап кон заедницата),

b. интервенции на индивидуално ниво
(во соработка на давателите на услуги од ПЗЗ и единиците за превентивна здравствена заштита во здравствените домови). (10 мин.)

Овој извештај е подготвен со стручно-техничка и финансиска поддршка на канцеларијата на Светската здравствена организација во Скопје.